## Огласи

Според Билансот на состојбата заклучно со 31.12.2011 година Друштвото што се присоединува има:

Актива во износ од 4.846.928,00 денари, долгорочни и краткорочни обврски во износ од 1.718.288,00 денари и капитал и резерви во износ од 3.128.640,00 денари.

Вкупниот капитал и резерви на двете друштва изнесува 4.785.051,00 денари.

Структурата на капиталот според Билансот на состојбата со 31.12.2011 година е:

ВАРДАРГРАДБА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО с.Трубарево,Скопје 34,62%

ЈАМЕСА ДООЕЛ Скопје 65,38%

Член 5

Присоединувањето на Друштвото што се присоединува кон Друштвото што презема се врши под следните услови: Друштвото што се присоединува престанува, престанува и својството на основач на Сашо Гочевски во Друштвото што се присоединува и не се јавува како содружник во Друштвото што презема, а својот удел без надомест го пренесува на содружниците на ВАРДАРГРАДБА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО с. Трубарево, Скопје и тоа:

1/2 (една половина) во износ од 76.200,00 денари на содружникот Петар Тасески кој ќе има вкупен влог во износ од 154.100,00 денари;

1/4 (една четвртина) во износ од 38.100,00 денари на содружникот Денис Тасески кој ќе има вкупен влог во износ од 77.000,00 денари;

1/4 (една четвртина) во износ од 38.100,00 денари на Мелита Гочевска која ќе има вкупен влог во износ од 77.100,00 денари.

Петар Тасески во вкупниот влог учествува со 50%, а Денис Тасески и Мелита Гочевска во основниот влог учествуваат со по 25% така ќе ја делат и добивката.

Друштвото што презема ќе ги врши и дејностите запишани во трговскиот регистар што се присоединува.

Член 6

Основната главнина на друштвото што се присоединува изнесува 152.400,00 денари а основната главнина на Друштвото што презема изнесува 155.800,00 денари.

Вкупниот основен влог по присоединувањето изнесува 308.200,00 денари. Друштвото што презема е основано од содружниците:

1. Петар Тасески со живеалиште во Скопје - Центар, ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 20/6, МБ 0510944450082, чиј основачки влог изнесува 77.900,00 денари.

2. Денис Тасески со живеалишта во Скопје – Центар, ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 20/85, МБ 2211969450117 чиј основачки влог изнесува 38.900,00 денари и

3. Мелита Гочевска со живеалиште во Скопје – Центар, ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 20/2-25, МБ 2812970455010 чиј основачки влог изнесува 39.000,00 денари.

Член 7

Содружници на Друштвото што презема, ја преземаат основната главнина на Друштвото што се присоединува и со нивните влогови во новата основна главнина учествуваат со основни влогови и тоа:

1. Петар Тасески со основен влог од 154.100,00 денари.
2. Денис Тасески со основен влог од 77.000,00 денари.
3. Мелита Гочева со основен влог од 77.100,00 денари.

Член 8

Вкупниот основен влог на Друштвото што презема, по присоединувањето, изнесува 308.200,00 денари.

Добивката на крајот на секоја деловна година, содружниците на Друштвото ќе ја делат на следниот начин:

Петар Тасески учествува со 50%
Денис Тасески учествува со 25%
Мелита Гочева учествува со 25%

Член 9

Друштвото што се присоединува, заклучно со 31.12.2011 година ги запира сите деловни активности.

Друштвото што се присоединува нема никакви идни побарувања. Доколку се јават обврски т.е долгувањаод сметководствена гледна точка да се книжат на друштвото што презема.

Член 10

Во друштвото што се присоединува нема вработени.

Член 11

Краен рок за подготвување на завршните сметки (со состојба 30.4.2012 година) е 31.12.2012 година, при што од 1.1.2012 година книговодствената евиденција се води само за ВАРДАРГАДБА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО с.Трубарево-Скопје.

Член 12

Оваа Спогодба е конечна и станува полноважна со денот на нејзиното прифаќање (потврдување) од страна на содружниците на Друштвото што се присоединува и на Содружниците на друштвото што презема.

Член 13

Увид во Спогодбата основачите на двете друштва како и сите заинтересирани трети лица можат да извршат секој работен ден од 07-15 часот , во просториите на друштвото ВАРДАРГАДБА ИНЖИНЊЕРИНГ ДОО Скопје с.Трубарево

Член 14

Измени и дополнувања се вршат со Анекс на Спогодбата за присоединување во форма на нотарски акт.

Друштво што презема
ВАРДАРГРАДБА
ИНЖИНЕРИНГ ДОО Скопје
Управител,
Петар Тасески, с.р.

Друштво што се присоединува
ЈАМЕСА ДООЕЛ Скопје
Управител,
Сашо Гочевски, с.р.

(22631)

---

Врз основа на членот 149, а во согласност со членовите 130, 131, 132, 146, 147 и 148 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ бр. 115/10, 140/10 и 51/11), министерот за култура, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ**

1. На организацијата за колективно управување, со назив: Организација за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи „ММИ“ Скопје и`се дава дозвола за колективно управување на следните права утврдени со нејзиниот Статут бр. 03/1 од 21.3.2012 година, што се во согласност со правата утврдени со Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ бр. 115/10, 140/10 и 51/11)):

- Право на единствен надоместок на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи од јавно соопштување (јавно пренесување, радидифузно емитување, радиодифузно реемитување и кабелско реемитување) фонограми со изведби издадени за комерцијална цел (член 131 точка 6 од Законот за авторското право и сродните права);

**Огласи**

- Право на надоместок на уметниците музички изведувачи од радиодифузно емитување и од друго јавно соопштување (јавно пренесување, радиодифузно реемитување и кабелско реемитување) на своите изведби, што сами по себе се радиодифузни или се направени од снимка (член 131 точка 5 од Законот за авторското право и сродните права);

- Право на надоместок на уметниците музички изведувачи од изнајмување фонограми и видеограми (член 131 точка 4 од Законот за авторското право и сродните права).

2. На Организацијата од точка 1 на ова Решение, не и се дава дозвола за колективно управување на другите права, утврдени со нејзиниот Статут бр. 03/1 од 21.3.2012 година.

3. Организацијата од точка 1 на ова решение, ги донесува и објавува општите акти утврдени со Законот за авторското право и сродните права во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на ова Решение.

4. Ова решение се објавува во „Службен весник на Република Македонија" и влегува во сила со денот на објавувањето.

5. Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Заменик министер,
Драган Недељковиќ, с.р.

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

## ИЗВЕСТУВАЊЕ
## ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ ПРВА ПОЧЕТНА ОБУКА ЗА ПРОЦЕНУВАЧИ ОД ОБЛАСТА НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Министерството за култура ги повикува сите заинтересирани лица што ги исполнуваат условите за посетување прва почетна обука за овластен проценувач, да поднесат барање за посетување прва почетна обука од областа на АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА:

Согласно член 10 од Законот за процена („Службен весник на РМ" бр. 115/10, 158/11 и 185/11), посетувањето почетна обука од соодветната област на процена е еден од задолжителните законски услови за полагање на испитот за овластен проценувач.

Кандидатите што имаат интерес за посетување на првата почетна обука од наведената област на процена треба да поднесат барање до архивата на Министерството за култура, или по пошта на адреса: Министерство за култура, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, 1000 Скопје.

1. Барањето (исклучиво во печатена форма) треба да содржи:

- Име и презиме на барателот и точна адреса на живеење.
- Телефон за контакт (фиксен, мобилен) и електронска адреса (Е-маил адреса).
- Уплатница (образец ПП/50) за уплатени парични средства за трошоци на обуката во износ од / 5.000, оо/ денари, односно 1.500,00/ денари Назив на примачот: Министерство за култура;

Банка на примачот: НБРМ;
Трезорска сметка: 100000000063095;
Сметка на буџетски корисник: 180010041878719:
Приходна шифра и програма: 723419 -10;
Цел на дознака: Обука за процена од областа на авторското право и сродните права.

2. Кон барањето во прилог се доставува:

- копие од лична карта,
- доказ за завршено високо образование (диплома за завршено четиригодишно високо образование и
- доказ за најмалку пет години работно искуство во областа на процена или материјално, сметководствено и финансово работење,
- потврда дека со правосилна одлука не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и
- доказ за извршена уплата на парични средства за трошоци на обуката во износ од 5.000,00 денари, односно 1.500,00 денари.

3. Корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на трошоците за првата почетна обука со доставување на потврда за корисник на социјална помош, која не може да биде постара од 15 дена од денот на објавување на известувањето.

4. Надоместокот за трошоците за првата почетна обука за лица што повеќе од шест месеци се невработени, изнесува 1.500 денари, за што е потребно да се достави потврда за невработеност која не може да биде постара од 15 дена од денот на објавување на известувањето.

5. Плаќањето на износот на надоместок за трошоци за испит може да се врши во две рати, со тоа што испитот за кандидатите што ќе се определат за плаќање на рати, полагањето ќе се изврши дополнително по истек на три месеци од објавата на ова известување.

6. За точниот датум, времето и местото на одржувањето на првата почетна обука. кандидатите ќе бидат известени на нивната е-маил адреса, најдоцна во рок од осум (8) дена пред одржување на првата почетна обука.

7. Краен рок за поднесување на барањето до Министерството за култура е 4. 6.2012 година.

8. Известувањето ќе биде објавено и на веб-страната на Министерството за култура www.kultura.gov.mk

Министерство за култура

---

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## ОБЈАВА БРОЈ 56 (12.05.2012) ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија, предвидено со Детален урбанистички план локалитет Индустриска зона УЕ В, донесен со општ акт Одлука 07-104/3, од 29.5.2008 година на општина Аеродром со намена за изградба на семејно домување во станбени згради, со компатибилни класи на намени мали комерцијални и деловни дејности, согласно Табеларен преглед во кој се дадени податоци за градежната парцела, број на катастарска парцела опфатена со градежната парцела, вкупна површина на градежната парцела, максимална површина за градење, бруто развиена површина за градба, процент на изграденост, висина до венец и катност, депозит за учество на јавно наддавање и термин за одржување на јавно наддавање.